## За нас

Градската противпожарна бригада (Metropolitan Fire Brigade - MFB) обезбедува противпожарна и спасувачка служба од светска класа. Ние покриваме повеќе од 1.000 квадратни километри. Ние заштитуваме два милиона жители, работници и посетители на Мелбурн и имоти вредни милијарди долари. Нашите пожарникари се на располагање 24 часа дневно, 365 дена во годината.

Пожарникарите на MFB се први кои интервенираат во посебни медицински итни ситуации во рамките на програмата „Медицинска интервенција во итни ситуации, прва интервенција".

MFB постојано постигнува некои од најбрзите времиња на интервенирање и, во споредба со други австралиски противпожарни служби, постигнува највисок процент на локализирање на пожар во просторијата во која се појавил.

## Наши услуги

Пожарникарите на MFB се високообучени професионалци. Тие имаат извонредни резултати во брзо и ефикасно реагирање во итни случаи.

Ние соработуваме со училишта и организации на заедницата во информирањето за безбедноста дома и на работното место.

Пожарникари присуствуваат на манифестации на заедницата со противпожарни возила или со нашиот образовен Smokebuster автобус.

MFB користи преведувачи за да ни помогнат да одговориме на вашите прашања.

Ве молиме јавете се на 131450. Кажете му на телефонскиот оператор на кој јазик зборувате. Потоа кажете му на преведувачот дека имате прашање за MFB.